СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕУ ВЕСТИ

***ЕУ ЦЕНТАР***
***јануари 2024 година***
***ЕУЦ-број 90/2024***

## БЕЛГИСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2024

Белгија го превзеде претседателството со Советот на Европската Унија во првата половина од 2024 година. За Белгија ова е 13-то по ред претседателство со ЕУ, овој пат под слоганот „Заштити, зајакни, подготви“. Белгиското претседателство со Советот на ЕУ ќе се насочи кон спроведување на европската агенда и промоција на соработката меѓу земјите членки со цел да се постигне исчекор во областите како климатските промени, економски раст и социјална кохезија.

Програмата на Белгиското претседателство со ЕУ утврдува 6 приоритети и главни насоки:

**1. Одбрана на владеењето на правото, демократијата и единството**: суштински елемент на претседателството претставува одбраната на принципите на демократијата, владеењето на правото и основните човекови права, бидејќи Унијата „се заснова на почитување на основните права, владеење на правото и демократските вредности, отворајќи го патот за кохезија, заштита на индивидуалните слободи, еднаквоста и недискриминација и благосостојбата на европските граѓани“.

**2. Зајакнување на конкурентноста на ЕУ**: Белгиското претседателство ќе работи на зајакнување на внатрешниот пазар и индустриската иднина на ЕУ и ќе ја продолжи работата за комплетирање на европскиот пазар на капитал и на енергетската унија, при што посебно внимание ќе се посвети на зајакнување на економската безбедност, намалување на зависноста и промовирање на европското технолошко лидерство во критични сектори.

**3. Поттикнување на зелена и праведна транзиција**: продолжувајќи го Зелениот договор на ЕУ, претседателството ќе ја стави енергетската и климатската транзиција високо ниво во приоритетите.

4. **Зацврстување на социјалната и здравствената агенда**: Претседателството, надоврзувајќи се на европскиот столб за социјални права има за цел да обезбеди амбициозна социјална агенда за поттикнување на поинклузивно, родово еднакво и праведно европско општество.

**5. Заштита на граѓаните и границите**: Претседателството има за цел да го заврши усвојувањето на преостанатите законодавни регулативи поврзани со новиот европски пакт за миграција и азил.

**6. Промоција на глобална Европа**: Претседателството ќе ги продолжи напорите на ЕУ за зајакнување на нејзината отпорност и автономија и за одбрана на интересите и вредностите на ЕУ.

**Во однос на проширувањето на ЕУ**, Белгиското претседателство ќе ги следи тековните процеси со сите релевантни земји, согласно постојната методологија, пристапот заснован на заслуги и напредокот на секоја земја кандидат во исполнувањето на критериумите за пристапување. Тоа ќе ја поттикне нивната интеграција во ЕУ преку промовирање неопходни и трансформативни реформи во клучните области, особено владеењето на правото, демократските институции, слободата на медиумите и основните права.

https://belgian-presidency.consilium.europa.eu

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Белгиско претседателство со Советот на Европската Унија 2024 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Триесет години од копенхашките критериуми | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Триесет години европска економска област | 6 |
| Инвестиција на ЕИБ во еколошки проекти | 6 |
| Неформален состанок на министрите за животна средина на ЕУ | 7 |
| Нов европски закон за слобода на медиумите | 7 |
| ЕТИАС системот за влез во ЕУ | 8 |
| Валенсија - европска зелена престолнина за 2024 година | 8 |
| Нови правила на ЕУ против затајување данок | 9 |
| Заедничката земјоделска политика на ЕУ | 9 |
| Нови правила за зајакнување на кибер безбедноста на институциите на ЕУ | 10 |
| Добитници на бесплатни билети за патување преку „Истражи ја ЕУ“ | 10 |
| Суфицит во трговската размена на ЕУ од 85,4 милијарди евра | 11 |
| ЕУ календар / февруари 2024 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

Претседателката на Европскиот парламент, Роберта Мецола ја отвори јануарската пленарна сесија. Мецола истакна дека Европарламентот е подготвен да ги исполни очекувањата на граѓаните пред европските избори на 6-9 јуни, за да ја направи Европа поправедна, поконкурентна и погодна за дигиталната ера.

Европратениците разговараа за програмата на шестмесечното белгиско претседателство со Советот, кое започна на 1 јануари годинава со премиерот Александар Де Кро. Тој повика на отворање на европските пазари на капитал за да се поттикнат иновациите и за индустриски договор заедно со Зелениот договор.

Со 457 гласа европратениците го поддржаа договорот постигнат со Советот за дополнително намалување на емисиите од флуорирани гасови. Текстот предвидува целосно исфрлање на флуоројаглеводородите (HFC) до 2050 година, вклучително и траекторија за намалување на потрошувачката квота на ЕУ помеѓу 2024-2049 година.

Договорот за намалување на емисиите на супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка (ОДС) беше усвоен со 538 гласа. Законот воведува барања за обновување и рециклирање на таквите супстанции во градежните материјали за време на реновирањето (особено во изолационите пени), што е главниот извор на преостанатите емисии на ODS во ЕУ.

Европратениците со акламација го избраа единствениот кандидат Јан-Кристоф Отјен за потпретседател на Европскиот парламент.

Европарламентот го усвои мандатот за преговори со Советот за инвалидската карта на ЕУ и за паркинг картата за лицата со попреченост. Мандатот на Европарламентот, подготвен од Комисијата за вработување и социјални прашања, воведува рокови за издавање и обновување на картичките - во рок од 60 дена за инвалидската карта на ЕУ и во рок од 30 дена за картата за паркирање. Парламентот воведува и опција за барање дигитална верзија на паркинг картата, која ќе биде готова за 15 дена.Европратениците предлагаат двете картички да бидат достапни во физички и дигитален формат и бесплатно.

Европратениците дебатираа за претстојниот специјален самит на 1 февруари годинава и ја оценија ситуацијата со Унгарија. Во своето обраќање пред пратениците во име на белгиското претседателство со Советот на ЕУ, министерката за надворешни работи Хаџа Лахбиб искажа надеж дека 27-те земји-членки на 1 февруари ќе постигнат договор за реформа на долгорочниот буџет на ЕУ, што ќе послужи како основа за преговори со Европарламентот.

Европарламентот даде зелено светло на директивата која ќе го подобри етикетирањето на производите и ќе ја забрани употребата на погрешни тврдења за животната средина. Директивата усвоена со 593 гласа има за цел да ги заштити потрошувачите од погрешните маркетинг практики и да им помогне да направат подобар избор за купување.

Европскиот парламент повика на правила на ЕУ за да се осигура дека секторот за стриминг музика е фер и одржлив и да се промовира културната разновидност. Во резолуцијата усвоена со 532 гласа европратениците бараат да се реши нерамнотежата во распределбата на приходите од пазарот на музички стриминг, бидејќи тоа во моментов остава мнозинство автори и изведувачи со многу низок надомест. Тие инсистираат на нова правна рамка на ЕУ за секторот, за кој во моментов не се применуваат правила на Европската унија, иако стриминг услугите се главниот начин на кој луѓето пристапуваат до музика.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



www.europarl.europa.eu

Европратениците одлучија да започнат разговори со Советот за нови правила за економско управување, со приоритет на инвестициите и националната сопственост и подобрување на кредибилитетот на системот. Текстот усвоен со 431 глас претставува мандат на Парламентот за преговори со земјите-членки за конечниот облик на законот.
Со 496 гласа Европскиот парламент усвои резолуција со која се доведува во прашање способноста на Словачка да се бори против корупцијата и да го заштити буџетот на ЕУ доколку биде усвоена реформата на кривичниот законик предложена од новата влада.
Европскиот парламент усвои три резолуции за прашањата за човековите права во Кина, Судан и Таџикистан.
Во извештајот усвоен со 397 гласа се наведува дека Советот треба да донесе одлука за вклучување на говорот на омраза и криминалот од омраза меѓу кривичните дела во смисла на член 83(1) од ТФЕУ (т.н. „злосторства на ЕУ“) до крајот на актуелниот мандат.
Европратениците ја разгледаа состојбата со правата на граѓаните во ЕУ во 2022 и 2023 година, идентификувајќи низа загрижености низ земјите-членки. Извештајот за состојбата со основните права во ЕУ беше одобрен со 391 глас.
Во резолуцијата усвоена со 345 гласа европратениците изразуваат силна загриженост за понатамошната ерозија на демократијата, владеењето на правото и основните права во Унгарија, особено преку неодамна усвоениот т.н. „национален суверенитет“, пакет за заштита.
Ирина Шашар, преживеана од гетото во Варшава, им се обрати на европратениците на пленарна сесија во Брисел за комеморација на Меѓународниот ден на сеќавање на холокаустот.

## 30 ГОДИНИ ОД КОПЕНХАШКИТЕ КРИТЕРИУМИ




Со усвоената резолуција ЕП ја одбележува 30-годишнината од Копенхашките критериуми, ценејќи ја нивната историска важност во обезбедувањето јасна и ефективна рамка за проширувањето на ЕУ. Во резолуцијата се истакнува дека Европската унија треба да утврди јасни рокови за земјите-кандидатки да ги завршат преговорите за пристапување во ЕУ до крајот на оваа деценија. Европратениците повикаа следниот Колеџ на комесари да номинира комесар за проширување и да се погрижи билатералните прашања да бидат јасно одвоени од политиката за проширување на ЕУ. Дополнително се нагласува потребата од внатрешни реформи на ЕУ паралелно со процесот на проширување, за да се зајакне капацитетот на Европската унија за ефективно интегрирање на новите членки, вклучително и преку воведување на гласање со квалификувано мнозинство кое исто така би се однесувало на одлуките за надворешната и безбедносната политика и во областите релевантни на процесот на пристапување.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



На 26 јануари 2024 година Јован Митрески ја презеде функцијата претседател на Собранието на Република Северна Македонија од досегашниот претседател, Талат Џафери, кој замина на новата функција во извршната власт.

www.sobranie.mk

На 29 јануари 2024 година Митрески одржа средба со амбасадорот и Шеф на Делегацијата на Европската Унија, Дејвид Гир. На средбата беше констатирана континуираната успешна соработка со Европската Унија и искажана заложба за нејзино продлабочување, особено во однос на активностите од Планот за раст на Западен Балкан на Европската комисија и други прашања од приоритет и интерес за двете страни.






На настан организиран од страна на Европското движење во Република Северна Македонија, во просториите на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, на 25 јануари годинава беа презентирани приоритетите на Белгиското претседателство со Советот на ЕУ од страна на Фредерик Мерис, амбасадор на Кралството Белгија во Република Северна Македонија, со седиште во Софија. На настанот се обратија Дејвид Гир, амбасадор и шеф на Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија; Арбер Адеми, претседател на Комисијата за европски прашања; Александар Николоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции и пратеничките Санела Шкријељ, Снежана Калеска-Ванчева и Гордана Сиљановска-Давкова.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Комисијата за европски прашања на Собранието на 30 и 31 јануари 2024 година одржа седница на која на дневен ред беа ставени четири предлог закони по скратена постапка: Предлог на закон за административни службеници, Предлог на закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, Предлог на закон за вработените во јавниот сектор и Предлог на закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација.





Членовите на Управувачката група на Собранието за демократски развој со Парламентот на Шведска, во состав Фадил Зендели, претседавач и Маја Морачанин, Мартин Костовски, Александар Велјановски, Гордана Сиљановска-Давкова, Арбана Пашоли, Халил Снопче, Снежана Калеска-Ванчева и Дафина Стојаноска, на 17 и 18 јануари 2024 година, престојуваа во дводневна студиска посета на Стокхолм. Работната посета претставуваше и заокружување на соработката меѓу Шведскиот и Македонскиот парламент, иницирана и финансирана од шведскиот Риксдаг, која започна во 2020 година и се реализираше преку заемни годишни студиски посети посветени на важни прашања на парламентарната демократија. На вториот ден од посетата пратениците се осврнаа на научените лекции за време на соработката и дискутираа како да продолжат да работат со силни демократски институции и демократски вредности.

На 25 јануари 2024 година со утринските вести во 10 часот и 30 минути официјално започна продукцијата на нови програмски содржини на Собранискиот канал со кои ќе се постигне нов стандард во парламентарната транспарентност.
Ќе се емитуваат и настани поврзани со нашата држава кои се одржуваат во Европскиот парламент, Организацијата на Обединетите Нации и други меѓународни организации, како и содржини произлезени од соработка со други парламентарни канали.



## ТРИЕСЕТ ГОДИНИ ЕВРОПСКА ЕКОНОМСКА ОБЛАСТ




Европската Унија заедно со Исланд, Лихтенштајн и Норвешка во изминатите 30 години континуирано работи на градење подобра Европа во корист на граѓаните и бизнисите, се истакнува во заедничката изјава на високиот претставник на ЕУ за надворешна политика и безбедност Жозеп Борел и потпретседателот на Еврокомисијата за Европскиот зелен договор и за меѓуинституционални односи Марош Шефчович по повод 30-годишнината од стапувањето во сила на Договорот за формирање на Европската економска област (ЕЕА).

Европската економска област е единствена рамка која опфаќа 30 држави и половина милијарда луѓе на најголемиот внатрешен пазар во светот. Таа е изградена врз заеднички вредности и принципи и претставува фактор на политичка и економска стабилност, како и просперитет и безбедност на европскиот континент.

ЕЕА ги обединува земјите членки на ЕУ, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка во заеднички внатрешен пазар кој обезбедува слободен проток на лица, стоки, услуги и капитал и обезбедува еднакви услови преку примена на хомогени правила и придружни политики во областа на конкурентноста, животната средина, климатските активности и социјалната политика. ЕЕА овозможува и соработка во истражувањето, технолошкиот развој, заштитата на животната средина, културата, образованието, здравството и цивилната заштита, со широко учество на трите земји што не се членки на ЕУ во програмите на Унијата.

https://ec.europa.eu

## ИНВЕСТИЦИЈА НА ЕИБ ВО ЕКОЛОШКИ ПРОЕКТИ




Групацијата на Европската инвестициска банка (ЕИБ) минатата година инвестираше повеќе пари во проекти за климата и животната средина од кога било досега, истакна претседателката на ЕИБ, Надија Калвињо.

Во 2023 година, вкупно 49 милијарди евра се инвестирани во проекти кои преземаат акција за климатските промени и одржливоста на животната средина. Во претходната година таа суме беше 38 милијарди евра.

Со 349 милијарди евра зелени инвестиции мобилизирани од 2021 година, Групацијата ЕИБ е на пат да ја постигне целта од еден трилион евра зелено финансирање поддржано до крајот на деценијата, се истакнува во соопштението ЕИБ.

Со седиште во Луксембург, ЕИБ е банка на Европската унија и е најголемата мултилатерална финансиска институција во светот.

Таа во последно време е особено вклучена како донатор за климатска акција, а исто така и за поддршка на Украина.

https://business-review.eu

## НЕФОРМАЛЕН СОСТАНОК НА МИНИСТРИТЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ЕУ



Климатското приспособување и отпорност, улогата на циркуларната економија во справувањето со климатската криза и спроведувањето на праведната транзиција беа главни теми на дводневниот неформален состанок на министрите за животна средина за земјите членки на ЕУ што се одржа на 15 и 16 јануари 2023 година во Брисел.
На неформалниот министерски состанок присуствуваа и еврокомесарите за климатска акција и за животна средина, океани и рибарство, Вопке Хукстра и Виргинијус Синкевичиус.
За време на работниот ручек, учесниците на состанокот дискутираа за климатските цели и политики на ЕУ, имплементацијата на договорот од Самитот за климата КОП28, за законодавството поврзано со Зелениот договор, како и за намалувањето на емисиите на штетни гасови до 2040 година.
Во попладневниот дел од заседанието дебатата беше посветена на усогласување на Политичката рамка за праведна транзиција прилагодена на иднината.
На вториот ден од состанокот Синкевичиус и министрите расправаа за суштинската улога на циркуларната економија во остварувањето на целите за климатска неутралност на ЕУ, обнова на биолошката разновидност и остварување на нулто ниво на загадување.
Дебатата се фокусира на активностите на Унијата за забрзување и зајакнување на зелената транзиција и одржливо управување со ресурсите врз основа на напредокот постигнат согласно Планот на ЕУ за циркуларна економија и Регулативата за екодизајн на одржливи производи.

https://belgian-presidency.consilium.europa.eu

## НОВ ЕВРОПСКИ ЗАКОН ЗА СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ




Земјите членки на ЕУ го поддржаа предлогот за усвојување на нова европска законска регулатива со која треба да се воспостави заедничка рамка за медиумските услуги во Унијата и да се заштитат слободата на медиумите, медиумскиот плурализам и уредувачка независност во блокот.
Со регулативата т.н. Европски закон за слобода на медиумите (ЕМФА), се воспоставува заедничка рамка на ниво на ЕУ за медиумските услуги на внатрешниот европски пазар, се воведуваат мерки за заштита на новинарите и медиумите од политичко влијание и истовремено се олеснува медиумското работење во границите на Унијата.
Новите правила ќе го гарантираат правото на граѓаните за пристап до слободни и информации од повеќе извори и ќе ја дефинираат одговорноста на земјите членки да обезбедат соодветни услови и рамка за заштита на ова право.
Предлогот за усвојување на Европски закон за слобода на медиумите го иницираше Европската комисија на 16 септември 2022 година. По повеќе од една година консултации и усогласувања меѓу институциите на Унијата, во октомври минатата година започнаа преговорите меѓу Советот на ЕУ и Европскиот парламент по текстот на конечната верзија на Законот.
По поддршката на конечната верзија на Законот за слобода на медиумите од страна на земјите членки, ќе следи негов превод на сите официјални јазици на Унијата, по што тој и формално треба да биде усвоен од страна на Советот на ЕУ и Европарламентот до април 2024 година.

https://digital-strategy.ec.europa.eu

## ЕТИАС СИСТЕМОТ ЗА ВЛЕЗ ВО ЕУ




Правилата за влез во земјите од Шенген зоната утврдени со Европскиот систем за информации и овластувања за патување (ЕТИАС), што требаше да стапат во сила на почетокот на 2024 година, ќе почнат да се променуваат кон средината на 2025 година.
Околу 1,4 милијарди државјани на над 60 земји на кои не им е потребна виза за влез во ЕУ за престој во период до 90 дена, вклучително и од Северна Македонија, по нивното стапување во сила ќе мора да поднесуваат барање за одобрение за патување во државите од Шенген зоната.
Апликацијата за овластување за патување во Шенген зоната ќе треба да се пополни по електронски пат најдоцна 96 часа пред влезот во земја членка на ЕУ. Лицата на возраст од 18 до 70 години при аплицирањето ќе треба да платат седум евра, додека за малолетници и за лица над 70-годишна возраст документот ќе биде бесплатен. Одобрението ќе важи три години од датумот на издавањето или до истекот на важноста на пасошот врз основа на кое и издадено.
Добивањето на овластувањето за патување не гарантира влез во Шенген зоната, бидејќи при пристигнувањето на границата, граничната полиција ќе мора да утврди дали патникот ги исполнува условите за влегување на територијата на ЕУ.
Покрај за Северна Македонија, ЕТИАС правилата ќе важат и за државјаните на останатите земји од Западниот Балкан - Албанија, БиХ, Косово, Србија и Црна Гора, како и на Австралија, Велика Британија, Грузија, Израел, Јапонија, Јужна Кореја, Канада, Нов Зеланд, Молдавија, САД, Украина и на уште 40-тина земји од Средна и Јужна Америка, Азија и Океанија.

https://home-affairs.ec.europa.eu

## ВАЛЕНСИЈА - ЕВРОПСКА ЗЕЛЕНА ПРЕСТОЛНИНА ЗА 2024 ГОДИНА



Шпанскиот град Валенсија на 11 јануари 2024 година официјално стана европска зелена престолнина за 2024 година, преземајќи ја оваа титула од минатогодишниот носител, естонскиот главен град Талин.
На церемонијата на преземањето на титулата, заменик градоначалникот на Талин, Тит Терик формално на градоначалничката на Валенсија, Марија Хозе Катала ја предаде европската „Зелена книга“.
Еврокомесарот за животна средина, океани и рибарство Вирџинијус Синкевичиус истакна дека Валенсија станува европска зелена престолнина благодарение на нејзината амбициозна стратегија за одржливост и користењето на искуствата од минатото.
Во образложението на одлуката за прогласување на Валенсија за европска зелена престолнина за 2024 година се истакнува дека градот ја заслужи титулата благодарение на достигнувањата во областа на одржливиот туризам, климатската неутралност и праведната и инклузивна зелена транзиција.
Титулата европската зелена престолнина има за цел да ги охрабри градовите во Европа да станат позелени и почисти и да го подобрат квалитетот на животот на своите жители.
Европска зелена претстолнина во 2025 година ќе биде литванскиот главен град Вилнус, а конкурсот за пријавување за следниот циклус за 2026 година е во тек и е отворен до 30 април 2024 година.

https://environment.ec.europa.eu

## НОВИ ПРАВИЛА НА ЕУ ПРОТИВ ЗАТАЈУВАЊЕ ДАНОК



Во Европската Унија стапија во сила нови правила за спречување на измами со данокот на додадена вредност (ДДВ) и за воведување минимална стапка на ефективно оданочување од 15% за мултинационалните компании активни во земјите членки на ЕУ.
Новите правила за транспарентност при плаќањето на даноци од страна на компаниите треба да им овозможат на даночните управи на земјите членки на ЕУ полесно да откриваат измами со ДДВ, со посебен фокус на даночното затајување во електронската трговија.
Според новите правила давателите на платежни услуги ќе треба да ги следат електронските прекугранични трансакции и да доставуваат извештаи за нив на квартално ниво до даночните управи. Овие податоци ќе бидат обработувани во новата централизирана база наречена Централен електронски систем на информации за плаќања (ЦЕСОП), каде тие ќе бидат собирани, складирани и вкрстено анализирани.
Дополнително, службениците за врска на Еурофиск добиваат овластувања да преземаат соодветни активности на национално ниво, како што е доставување барања за информации, ревизии или одземање на даночни броеви, што се очекува да има видлив ефект во справувањето со измамите во секторот за е-трговија.
Со стапувањето во сила на правилата за минимално ефективно оданочување, едногласно договорени од страна на земјите членки на ЕУ во 2022 година, се формализира спроведувањето на дел од Глобалниот договор за меѓународна даночна реформа од 2021 година.
Македонските граѓани според Асоцијацијата за е-трговија минатата година потрошиле 169,2 милиони евра на онлајн купување што претставува пораст од 26,5% во споредба со 2018 година.

https://ec.europa.eu

## ЗАЕДНИЧКАТА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА НА ЕУ



Европската комисија на 31 јануари 2024 година предложи да им се дозволи на земјоделците отстапување од некои од предвидените правила во текот на годината. Предлогот е доставен до земјите членки кои треба да го потврдат. Независно од тоа кога ќе биде формално одобрен, тој ќе се применува ретроактивно од 1 јануари 2024 година. Со Заедничката земјоделска политика е предвиден сет на стандарди наречен Добри земјоделски и еколошки услови (ГАЕК), чија цел е намалување на штетното влијание на земјоделството врз животната средина и климата.
Еден од стандардите предвидува дека на дел од обработливото земјиште на фармите поголеми од 10 хектари мора да бидат засадени трева, жива ограда или дрва. Со одлуката на Комисијата, ќе се смета дека земјоделците ја исполнуваат оваа обврска, доколку наместо да садат непродуктивни култури, на четири проценти од нивното обработливо земјиште посадат леќа, грашок или грав или на седум проценти одгледуваат култури кои служат како сточна храна или природно ѓубриво.  Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, истакна дека ваквата одлука нуди дополнителна флексибилност за земјоделците во време кога се соочуваат со поголем број предизвици.
Земјоделските асоцијации ја нагласија потребата од „итно вистинско поедноставување на административните процедури", „длабинска" ревизија на Заедничката земјоделска политика на ЕУ, како и спроведување на „економска, еколошка и социјална проценка од страна на Европската комисија за последиците од сите закони и ограничувања што таа ги воведе во земјоделството во последните години".

https://ec.europa.eu

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КИБЕР БЕЗБЕДНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕУ




Во ЕУ стапи во сила нова Регулатива за кибер безбедност со која се утврдуваат мерки за високо ниво на заедничка заштита од хакерски напади на институциите, телата, канцелариите и агенциите на Унијата.
Регулативата утврдува мерки за воспоставување внатрешна рамка за управување со ризик, раководење и контрола на кибер безбедноста за секој ентитет на Унијата. За таа цел се формира нов Меѓуинституционален одбор за кибер безбедност (ИИЦБ) со задача за следење на состојбите и за поддршка во имплементација на мерките од страна на институциите на Унијата.
Дополнително со Регулативата досегашниот Тим за одговор на компјутерски итни случаи на институциите, телата, канцелариите и агенциите на ЕУ (ЦЕРТ-ЕУ) се преименува во Служба за кибер безбедност на институциите, телата, канцелариите и агенциите на ЕУ, но ја задржува кратенката ЦЕРТ-ЕУ.
Со Регулативата новиот ЦЕРТ-ЕУ добива дополнителни надлежности како разузнавачки центар за откривање на закани, размена на информации и одговор на инциденти, со улога на централно советодавно тело и давател на услуги.

https://ec.europa.eu

## ДОБИТНИЦИ НА БЕСПЛАТНИ БИЛЕТИ ЗА ПАТУВАЊЕ ПРЕКУ „ИСТРАЖИ ЈА ЕУ“




Во рамки на иницијативата „Истражи ја ЕУ“, финансирана од програмата „Еразмус+“, избрани се вкупно 36.318 млади Европејци на возраст од 18 години. Тие добиваат бесплатни билети за патување, со цел да се запознаат со различностите на Европа, да се информираат за нејзиното културно наследство и историја и да се поврзат со луѓе од целиот континент.
Избраните „патници низ Европа“ се меѓу 144.038 млади луѓе кои се пријавија на конкурсот на „Истражи ја ЕУ“ распишан лани во октомври.
Добитниците на бесплатните билети ќе може да ги искористат за патување низ Европа, главно со воз, во периодот од март 2024 до мај 2025 година.
Според еврокомесарката за иновации, истражување, култура, образование и млади Илијана Иванова, иницијативата „Истражи ја ЕУ“ нуди единствена можност да се замине на незаборавно патување низ европските земји, каде што „секоја станица создава нови односи и ја истакнува повеќеслојната убавина на Европа“.
Право на учество на овој конкурс на „Истражи ја ЕУ“ имаа млади луѓе од земјите опфатени со програмата „Еразмус+“, меѓу кои е и Северна Македонија, родени во периодот помеѓу 1 јануари и 31 декември 2005 година.
Иницијативата „Истражи ја ЕУ“ покрај доделувањето на бесплатни билети, вклучува и информативни обуки пред поаѓањето на патувањата и дружења низ цела Европа.

https://ieu-monitoring.com

## СУФИЦИТ ВО ТРГОВСКАТА РАЗМЕНА НА ЕУ ОД 85,4 МИЛИЈАРДИ ЕВРА

Во третиот квартал од минатата година ЕУ забележа суфицит во трговската размена со странство од 85,4 милијарди евра.
Во вториот квартал од 2023 година ЕУ имаше суфицит во трговската размена од 74,2 милијарди евра, а во периодот јули-септември 2022 година оствари дефицит од 69,9 милијарди евра.
Во третото тримесечје од 2023 година суфицитот кај трговската размена на стоки е зголемен за 22,9 милијарди евра, на размена на услуги е намален за 10,4 милијарди евра. Суфицитот на примарниот доход е намален за 1,2 милијарди евра, додека кај секундарниот доход се бележи благо зголемување на дефицитот за 0,1 милијарди евра.
Најголем суфицит во тргвската размена ЕУ има со Велика Британија од 69,2 милијарди евра, пред САД од 33,6 милијарди, Швајцарија од 16,1 милијарди евра), Канада од 11,2 милијарди, Бразил од 7,1 милијарди, Хонг Конг од 6,9 милијарди евра), Русија од 3,4 милијарди евра и Јапонија од 600 милиони евра. Суфицит од 6,3 милијарди евра е забележан и со офшор финансиските центри.
Најголем дефицит во трговската размена, ЕУ остварила со Кина од 35,6 милиради евра, по што следи Индија со 600 милиони евра.

https://ec.europa.eu/eurostat




*ЕУ КАЛЕНДАР / февруари 2024*

1. Состанок на Советот за надворешни работи, 19/02/2024, Брисел;
2. Состанок на Советот за општи работи, 20/02/2024, Брисел;
3. Пленарна сесија на Европскиот парламент, 05-08/02/2024, Стразбург.




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: „11 Октомври“ бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




